Република Северна Македонија
Министерство за транспорт
и врски
Бр. 02-4003/1
03.06.2021 год.
Скопје

КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

| Примено: | 09.06.21 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 572/1 | / | / |

Република Северна Македонија

**Министерство за транспорт и врски**

Сектор за стручна подршка на министер и односи со јавност

**Архивски број: 02 -4003/1 од 03.06.2021 година**

**До: КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, седиште ул.“Партизански одреди“ бр.29, ТЦ Буњаковец, лок.15, 2 кат, Скопје**

**ПРЕДМЕТ: Известување**

**Наш бр.02-11648 од 15.11.2018 година**
**Ваш бр.03-1237 од 12.11.2018 година**

Почитувани,

До Министерство за транспорт и врски доставен е Предлог тарифник за инженерски услуги (во понатамошниот текст тарифникот), усвоен од собранието на Комората на овластени архитекти и овластени инженери на 27.10.2018.

По разгледување на тарифникот, Министерството за транспорт и врски, од аспект на надлежности утврдени со закон, го дава следното мислење:

Потребно е да се преиспита и усогласи називот на тарифникот со член 110 од законот за градење. Исто така овој тарифник ги опфаќа само градбите од високоградба, а законот за градење освен високоградба ги опфаќа и градбите од нискоградба и линиските инфраструктурни градби. Заради тоа потребно е овој тарифник да се корегира и дополни и со градбите од нискоградба и линиските инфраструктурни градби, за да биде комплетен тарифникот за инженерски услуги и да важи за сите типови на градби.

Република Северна Македонија

**Министерство за транспорт и врски**

Сектор за стручна подршка на министер и односи со јавност

Исто така, потребно е ознаките на класите на намени од овој тарифник да се усогласат со ознаките на класите на намени уредени со Правилникот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.225/20) заради негова примена.

Согласно горенаведеното до Комората на овластени архитекти и овластени инженери го доставуваме ова известување и во прилог Предлог тарифникот за инженерски услуги на ваше понатамошно постапување односно корегирање и дополнување, за да при повторно доставување на тарифникот може Министерството за транспорт и врски да постапи согласно член 110 од законот за градење.

Со почит,

**Министер**
**Благој Бочварски**

изработил: Ана Ѓорѓиоска, диа – кабинетски службеник
одобрил: Живко Спасески, диа – посебен советник